АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-329/1
31.12. 2024 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

## ЗА 2024 ГОДИНА

info@ap.mk

## СОДРЖИНА

Вовед ....................................................................................................4
Извршени надзори по квартали ..................................................................6
Прв квартал.................................................................................................6
Втор квартал ...............................................................................................8
Трет квартал................................................................................................9
Четврти квартал.........................................................................................10

Заклучок.....................................................................................................11

***Врз основа на член 73 став 3 од Законот за поштенските услуги ( Службен весник на Република Македонија,, бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022,284/2023 и 224/2024), Директорот на Агенцијата за пошти поднесува Годишен извештај за спроведен надзор како составен дел на Годишниот извештај за работа за претходната година на Агенцијата за пошти.***

## ВОВЕД

Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во Законот за поштенските услуги[1] (во натамошниот текст: ЗПУ), врши надзор над спроведување над овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2024 година ги сумира активностите кои се преземени согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2024 година бр.01-260/1 од 07.12.2023 година (во натамошниот текст: Годишна програма за вршење на надзор), во насока на вршење на надзор над спроведување на одредбите на овој закон, прописите и другите општи акти донесени врз основа на него, а особено врз:

- пристапот до универзалната услуга;
- квалитетот на обезбедување на универзалната услуга;
- обезбедување пристап до поштенската мрежа;
- примена на цените на универзалната услуга;
- имплементација на сите акти донесени од страна на Агенцијата, и
- над други работи утврдени со овој закон и над прописите и другите општи акти донесени врз основа на него.

Согласно член 76 од ЗПУ надзорот може да биде:

1) **редовен надзор** кој опфаќа надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и Годишната програма за вршење надзор;

2) **вонреден надзор** кој се изврши ненајавено, врз основа на поднесена иницијатива од корисници или даватели на поштенски услуги, како и во случај на сомневање на овластеното лице (по службена должност), и

3) **контролен надзор** кој се врши по истекот на рокот определен во решението

[1] Службен весник на Република Македонија,, бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019 ,150/2021, 227/2022, 284/23 и 224/24)

донесено од страна на директорот на Агенцијата, при што овластеното лице при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:

- постапил по решението во целост;
- делумно постапил по решението, или
- не постапил по решението.

*Во текот на 2024 година од страна на овластените лица за надзор на Агенцијата за пошти, беа извршени* ***вкупно 27 надзори*** *од кои седум (7) редовни надзори, осумнаесет (18) вонредни надзори и два (2) контролни надзори.*

## ДАВАТЕЛИ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ КОИ БЕА ПРЕДМЕТ НА РЕДОВЕН НАДЗОР ВО 2024 ГОДИНА, СОГЛАСНО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА НАДЗОР ЗА 2024 ГОДИНА

| **Реден број** | **Назив** | **Време на спроведување на надзорот** |
|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, трговија,брзи пратки и недвижности ДМ ЈОСИФОСКИ ДООЕЛ Прилеп | Прв квартал |
| 2 | Друштвото за производство,трговија и услуги КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Битола | Прв квартал |
| 3 | Друштво за поштенски и курирски услуги ВИП ПОШТА ДООЕЛ Скопје | Втор квартал |
| 4 | Друштво за производство,трговија и услуги АНФИЛЕНД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – Подружница | Трет квартал |

| | | |
|---|---|---|
| | БРЗА ПОШТА број еден Скопје | |
| 5 | Друштво за услуги УРБАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје | Четврт квартал |
| 6 | Друштво за поштенски и курирски услуги СИТИ ЕКСПРЕС ПОШТА увоз-извоз ДООЕЛ Битола | Четврт квартал |
| 7 | Друштво за трговија и услуги Пошта Пештан Експресс ДООЕЛ увоз-извоз Охрид | Четврт квартал |

*Од планираните 10 редовни надзори, 7 беа реализирани, а кај останатите 3 субјекти на надзор согласно Годишната програма за вршење на надзор беа извршени вонредни надзори, со што во целост беше реализирана Годишната програма за вршење на надзор за 2024 година.*

## 2. ИЗВРШЕНИ НАДЗОРИ ПО КВАРТАЛИ

## ПРВ КВАРТАЛ

Во првиот квартал од 2024 година, извршени **шест (6)** надзори, од кои два (2) редовни и четири (4) вонредни надзори.

Предмет на вршење на надзорите е начинот на обезбедување на поштенските услуги согласно Законот за поштенските услуги и актите кои се донесени врз основа на него.

1. Субјект на **редовниот надзор** беше Друштво за производство, трговија, брзи пратки и недвижности **ДМ ЈОСИФОСКИ ДООЕЛ Прилеп,** согласно Годишната програма за надзор за 2024 година, и за истиот е изготвен записник со бр. УПІ

бр.02-160 од 07.03.2024 година и во него се наведени задолженијата за субјектот и не се констатирани прекршоци.

2. Извршен е **редовен надзор** над субјектот **Карго Експрес ДООЕЛ увоз-извоз Битола,** согласно Годишната програма за надзор за 2024 година. Составен е Записник за извршен надзор со бр. УПI бр.02-159 од 07.03.2024 година и не се констатирани прекршоци.

3. Агенцијата за пошти во заедничка и координирана акција со Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за економски криминал и корупција, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Државниот Инспекторат за Труд и Државниот Пазарен Инспекторат, а по Решение за овластување за вршење надзор донесено од директорот на Агенцијата, спроведе заеднички **вонреден надзор** над правното лице **ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје.**

   За надзорот е составен Записник за извршен надзор со УПI бр.02-158 од 26.02.2024 година, од страна на овластени лица за надзор, при што не е констатиран прекршок.

4. **Вонреден надзор** кај давателот **Пост Експрес Македонија ДОО Скопје** е извршен на 29.02.2024 година по предмет УП 1 бр.02-156 во присуство на одговорното лице. Составен е Записник за извршен надзор, **констатирани се прекршоци на Записник за правното лице и одговорното лице**, кој опфати надзор над спроведување на член 41-а и член 54 од Законот за поштенските услуги. Издадени се два прекршочни платни налози, еден за правно лице давател на поштенски услуги и еден за одговорно лице во правното лице.

5. Поттикнато од поднесена претставка од корисник, а по Решение за овластување за вршење надзор донесено од директорот на Агенцијата, спроведен е **вонреден надзор** над **БРЗА ПРАТКА ДОО Скопје**, за кој е составен Записник за извршен надзор со УПI бр.02-157 од 11.03.2024 година од страна на овластени лица за надзор, при што **не е констатиран прекршок.**

6. Поттикнато од поднесена претставка од корисник на поштенски услуги, а по Решение за овластување за вршење надзор донесено од директорот на Агенцијата, спроведен е **вонреден надзор** над **БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДООЕЛ Скопје** за што е составен Записник за извршен надзор со УПI бр.02-161 од 19.03.2024 година при што **е констатиран прекршок**, и издадени се два прекршочни платни налози, еден за правно лице давател на поштенски услуги и еден за одговорно лице во правното лице, поради сторен прекршок, достава на поштенска пратка спротивно на член 54 став 1 од Законот за поштенските услуги.

## ВТОР КВАРТАЛ

Во вториот квартал извршени се **пет (5) надзора**, од кои 2 редовни и 3 вонредни надзори.

1. **Редовен надзор** е извршен кај давателот **ВИП ПОШТА ДООЕЛ Скопје**, согласно Годишната програма за надзор за 2024 година. Во оваа постапка составен е Записник 02-105/3 од 18.04.2024. **Не се констатирани прекршоци.**
2. **Редовен надзор** е извршен кај давателот **Анфиленд ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ за подружница Брза пошта број еден Скопје**, согласно Годишната програма за надзор за 2024 година. Во оваа постапка составен е Записник 02-106/3 од 19.04.2024, со забелешка да се изврши корекција на адресницата да одговара на дозволените услуги. Постапено во рок. **Не се констатирани прекршоци.**
3. **Вонреден надзор** кај давателот **Виа Пост Скопје** е извршен на 22.04.2024 година по предмет 02-101/6 во присуство на одговорното лице. Составен е Записник за извршен надзор, со дадени забелешки во однос на бележење на меѓународните пратки со ознака на давателот. Постапено во рок. **Не се констатирани прекршоци.**
4. **Вонреден надзор** кај давателот **Телко Инвестмент Груп ДООЕЛ Прилеп** е извршен на 13.06.2024 година по предмет 02-166/2 во присуство на одговорното лице. Составен е Записник за извршен надзор, во врска со член 46 став 1 ал.2 од ЗПУ, **не се констатирани прекршоци.**
5. Врз основа на Решение за овластување за вршење **вонреден надзор** 02-164/1 од 05.06.2024 година, извршен е вонреден надзор кај давателот **ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС Скопје** за што е сочинет записник 02-164/3 од 18.06.2024 **– не е констатиран прекршок.**

## ТРЕТ КВАРТАЛ

Во третиот квартал извршени се **седум (7)**, од кои **шест (6)** вонредни надзори **и еден (1)** контролен надзор над даватели на поштенски услуги, од страна на овластените лица за надзор на Агенцијата за пошти.

1. **Вонреден инспекциски надзор** спроведен против субјектот на надзор **ДПТУ Деливери Екпрес Логистикс ДООЕЛ Скопје**, со предмет - спроведување на член 38 став 1 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.4 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување. Изготвен е Записник 02-161/8 од 19.08.2024 година, и издадени се **два прекршочни платни налози** еден за правното лице и еден за одговорното лице во правно лице.
2. **Вонреден надзор** кај давателот **Колпортер Пост ДОО Скопје** (претходно Пост Експрес Македонија ДОО Скопје) е извршен на 18.07.2024 година по предмет 02-188 во присуство на одговорното лице. Составен е Записник 02-188/5 за извршен надзор, во врска со член 38 а в.в. со член 44 ЗПУ и други акти, **не се констатирани прекршоци.**
3. **Вонреден надзор** кај давателот **План Експрес ДООЕЛ Скопје** е извршен на 30.09.2024 година по предмет 02-238/2 во присуство на одговорното лице. Составен е Записник за извршен надзор, во врска со член 45 став 4 од ЗПУ, **не се констатирани прекршоци.**
4. Врз основа на Решение за овластување за вршење надзор со бр. 02-198/1, извршен е **вонреден надзор** врз субјектот **Брза Пратка ДОО Скопје**, давател на поштенски услуги.За спроведениот вонреден надзор, составен е Записник за извршен надзор со УПІ бр.02-198/2 од 18.07.2024 година и **издадени се два прекршочни платни налози** – еден за правното лице и еден за одговорното лице во правно лице.
5. Врз основа на Решение за овластување за вршење надзор со бр. 02- 209/1 извршен е **вонреден надзор** врз субјектот **АД „Пошта на Северна Македонија“**, давател на универзалната услуга.За спроведениот вонреден надзор, составен е Записник за извршен надзор со УПІ бр.02-209/2 од 21.08.2024 година и издадени се **два прекршочни платни** налози – еден за правното лице и еден за одговорното лице во правно лице.
6. Врз основа на Решение за овластување за вршење надзор со бр.02-218/1 извршен е **вонреден надзор** врз субјектот **Интернешенел Маил Деливери –**

ИМД ДОО Скопје, давател на поштенски услуги.

За спроведениот надзор, составен е Записник за извршен надзор со УПИ бр.02-218/2 од 26.08.2024 година, и **не е утврден прекршок.**

7. Врз основа на Решение за овластување за вршење надзор со бр.02-231/1 извршен е **контролен надзор** врз субјектот **Интернешенел Маил Деливери – ИМД ДОО Скопје**, давател на поштенски услуги.

За спроведениот надзор, составен е Записник за извршен надзор со УПИ бр.02-231/2 од 17.09.2024 година, и **не е утврден прекршок.**

## ЧЕТВРТ КВАРТАЛ

Во извештајниот период извршени се **девет** (9) надзори и тоа **три** (3) **редовни** надзори, **пет** (5) **вонредни** надзори над даватели на поштенски услуги, од страна на овластените лица за надзор на Агенцијата за пошти и **еден** (1) **контролен** надзор.

1. **Редовен надзор** е извршен кај давателот **Урбан Деливери Сервис ДОО Скопје**, согласно Годишната програма за надзор за 2024 година. Во оваа постапка составен е Записник бр.02-241/3 од 09.10.2024 година, и **не е утврден прекршок.**
2. **Редовен надзор** е извршен кај давателот **Пошта Пештан Експресс ДООЕЛ Охрид**, согласно Годишната програма за надзор за 2024 година. Во оваа постапка составен е Записник бр.02-251/3 од 31.10.2024 година, и **не е утврден прекршок.**
3. **Редовен надзор** е извршен кај давателот **Сити Експрес Пошта ДООЕЛ Битола**, согласно Годишната програма за надзор за 2024 година. Во оваа постапка составен е Записник бр.02-250/3 од 01.11.2024 година, и **не е утврден прекршок.**
4. **Вонреден надзор** е извршен кај давателот **БОХ ПОСТ ДОО Скопје** и составен е Записник бр. 02-274/2 од 08.11.2024 година. **Констатиран е прекршок** и издадени се два прекршочни платни налози – еден за правното лице и еден за одговорното лице во правно лице.
5. **Вонреден надзор** е извршен кај давателот **ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ,** и составен е Записник со бр. 02-298/2 од

13.12.2024 година. **Констатиран е прекршок** и издадени се два прекршочни платни налози – еден за правното лице и еден за одговорното лице во правно лице.

6. **Вонреден надзор** е извршен кај давателот **План Експрес ДООЕЛ Скопје** со Решение од 02-240/1 од 30.09.2024 година **и составен е Записник бр. 02-240/2 од 07.10.2024 година. Констатиран е прекршок** и издадени се два прекршочни платни налози – еден за правното лице и еден за одговорното лице во правно лице.
7. **Контролен надзор** е извршен кај давателот **Виа Пост ДООЕЛ Скопје** и составен е Записник бр. 02-288/2 од 02.12.2024 година. **Нема констатиран прекршок.**
8. **Вонреден надзор** е извршен кај давателот **Нова Пошта ДООЕЛ Скопје** и составен е Записник бр. 02-287/2 од 12.12.2024 година. **Нема констатиран прекршок.**
9. **Вонреден надзор** е извршен кај давателот **Вип Пошта ДООЕЛ Скопје** и составен е Записник бр. 08-317/2 од 26.12.2024 година. **Нема констатиран прекршок.**

ЗАКЛУЧОК: Надзорот се врши согласно Законот за поштенски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/23 и 224/24) и истиот е разработен со повеќе Правилници одобрени од Агенцијата за пошти:

- Правилник за начинот и формата за вршење на надзорот и задолжителните елементи од Записникот за извршениот надзор (објавен во Сл. Весник на Република Македонија 171/2011), и
- Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на лицето овластено за инспекциски надзор и формата на нејзиното издавање и одземање (објавено во Сл. Весник на Република Македонија 96/2011).

Агенција за пошти
Директор,
Д-р Сретен Миладиноски